Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги

МАЗЗ
МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

ИНФОРМАТОР 3 | ИЗДАДЕНО ОД: Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги | 3то издание | Декември, 2020

# Институционален грант-Цивика Мобилитас

Македонската асоцијација на земјоделски задруги започна со имплементирање на институционалниот грант од вториот повик во новата фаза на Цивика Мобилитас (ПЦМ-ИНС-05). Целта на финансиска поддршка од овој тип на грантови е унапредување на институционалниот развој и организациско јакнење на ЗМАЗЗ заради надминување на организациските предизвици и зголемување на својот придонес во општеството. Програмата е фокусирана кон општествените промени во Северна Македонија, да бидат поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување како на централно, така и на локално ниво.

Периодот на спроведување на институционалниот грант на ЗМАЗЗ ќе се одвива во две етапи и тоа започнувајќи од 01.07.2020 - 30.06.2021 година (првата година) и од 30.06 2021 година до 30.06.2022 година (втора година).

Цивика мобилитас е програма на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска.

Една од првите реализирани активности во рамките на институционалниот грант беше првата фаза од Менторската поддршка на ЗМАЗЗ каде работна група составена од членки на организацијата ги дискутираа визијата и мисијата, фазите на животниот циклус на ЗМАЗЗ, главните активности на организацијата/проекти и незаборавни моменти, главни продукти и услуги на ЗМАЗЗ како и акции кои организацијата планира да ги превземе во наредните две години.

CIVICA MOBILITAS

*Citizens for change!*

NIRAS | FCG | МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА (МЦМС) | Schweizerische Eidgenossenschaft, Confédération suisse, Confederazione Svizzera, Confederaziun svizra — Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ Шведски развој АБ (ФЦГ Шведска)



**Како најава за идни активности во ЗМАЗЗ во периодот дек-јан 2021 година се:**

- Подготовка на прирачник за формата и начинот на економското здружување во земјоделството односно за земјоделски задруги кој на достапен начин ќе ги објасни/презентира предизвиците од организациски, законски и институционален карактер со кои се соочуваат истите. Целта прирачникот е индивидуалните фармери да стекнат поголемо знаење за концептот на земјоделските задруги во Р. Северна Македонија, за основните дилеми врзани за задругарството, за основните задружни принципи како и успешни примери на земјоделски задруги од кои би можеле да реплицираат позитивни искуства.
- Спроведување на 2 (онлајн) обуки за Лидерство и демократско управување на земјоделски задруги. Целта на оваа активност е да обезбеди специјализирана обука за членовите на МАЗЗ, односно претставници на земјоделски задруги каде учесниците, врз основа на нивниот специфичен интерес и потреби би стекнале знаење и информации со кои полесно ќе ги практикуваат основните демократски принципи за управување во задругите како и почитување на меѓународните задружни начела: Рамноправност, Доброволно и солидарно членство, Самостојност, Меѓународна соработка и Грижа за заедницата.

Двете активности се реализираат во рамките на Институционалниот грант на ЗМАЗЗ и истите се дел од активностите предвидени во Годишниот план за работа на организацијата.

## Одржана редовна годишна седница на Собрание на ЗМАЗЗ:

Македонската асоцијација на земјоделски задруги на 21.10.2020 година во просториите на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје ја одржа својата редовна годишна седница на Собрание на која освен делегатите, во својство на гости присуствуваа и Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Г-дин Арјанит Хоџа како и други претставници на министерството. Пред отпочнување со работниот дел од седницата на делегатите им се обрати Министерот со излагање за потребата од силна подршка на задругарството и задругите, како и на ЗМАЗЗ особено во пресрет на донесувањето на Стратегијата за развој на земјоделството 2021-2027 година, новиот Закон за задруги и новиот Закон за земјоделство и рурален развој.

Меѓу другите точки на Дневен ред на седницата на Собрание на ЗМАЗЗ беа депонирани и прифатени оставките на Претседателот на ЗМАЗЗ, членовите на Управен и Надзорен одбор од страна на присутните делегати. Истовремено се наметна потреба за донесување на одлука за свикување на вонредно изборно Собрание на ЗМАЗЗ односно избор на нови управувачки структури. Со цел успешна подготовка на вонредното изборно Собрание, како и ажурирање на регистарот на членки на ЗМАЗЗ согласно Статутот, Собранието избра координативно тело со претходно утврден делокруг на работа во служба на исполнување единствено на двете горе споменати активности и мандат кој ќе заврши со самото одржување на вонредното изборно Собрание. Поради состојбата со пандемијата КОВИД-19 а во интерес на безбедноста на здравјето на членките на ЗМАЗЗ и намалување на ризиците за зараза со вирусот, одржувањето на вонредното изборно Собрание на ЗМАЗЗ беше одложено за периодот кој што следува.


Педологија
МАЗЗ







# Членство во ЗМАЗЗ

Членови на ЗМАЗЗ се претставници на земјоделски задруги од различни сектори и сите 8 плански региони во Р. Северна Македонија. Членувањето во ЗМАЗЗ е на доброволна основа и во неа може да членуваат претставници на задруги, независно од половите, политичките, националните или верските разлики помеѓу нив. Врз основа на утврдени правила, **членовите плаќаат членарина, а во исто време тие имаат и контрола и одлучуваат за начинот на функционирањенаорганизацијата**. Вофункција на индивидуалниот и заедничкиот развој, ЗМАЗЗ воспоставува систем на континуирана и навремена размена на информации, образование и практична обука на членовите. Асоцијацијата овозможува и поттикнува поблиска и поголема соработка помеѓу членовите на другите задруги. Преку задоволување на потребите на членовите, ЗМАЗЗ придонесува и за развој на заедниците во кои функционираат. Во моментот ЗМАЗЗ како единствена чадор организација во Р. Македонија во која членуваат претставници на 48 од вкупно 61 регистрирана земјоделска задруга (МЗШВ, јули,2020) од сите региони и сектори, претставува основен двигател и носител на напредокот на земјоделството и руралните средини. МАЗЗ како единствена чадор организација која има голема улога во лобирање и застапување на интересите на земјоделските задруги и создавање рационална политика за развој на кооперативно општество во Р. Северна Македонија ќе продолжи да работи на зголемување на свеста кај фармерите и поттикнување на „земјоделското граѓанство "преку здружување во земјоделски задруги!

## Членки на ЗМАЗЗ 2012-2019

| | НАЗИВ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА | СЕДИШТЕ НА ЗЗ |
|---|---|---|
| 1 | ЗЗ РЕСГРУП | с. Волкодери, Ресен |
| 2 | ЗЗ ВЕГЕФРЕШ | с. Куклиш, Струмица |
| 3 | ЗЗ АГРО-КЛУБ ИМИЦ | с.Богородица, Гевгелија |
| 4 | ЗЗ ПРВА ЛОЗАРСКА КООПЕРАТИВА | Неготино |
| 5 | ЗЗ АГРО КООПЕРАТИВА | с. Муртино, Струмица |
| 6 | ЗЗ АГРО ЛОЗОВО | с. Лозово, Општина Лозово |
| 7 | ЗЗ АГРАРЕН БЛОК 2013 | с. Арачиново, Скопје |
| 8 | ЗЗ ЕКО КООПЕРАТИВА | с. Крстов Дол, Крива Паланка |
| 9 | ЗЗ МАЛЕШЕВО ПРОДУКТ | Берово |
| 10 | ЗЗ ЕКОПРОДУКТ | с.Конче, Радовиш |
| 11 | ЗЗ РУРАЛ ИНВЕСТ | Струга |
| 12 | ЗЗ ПИЈАНЕЧКА СЛИВА | Делчево |
| 13 | ЗЗ РАНОГРАДИНАР БАНСКО | с. Банско, Струмица |
| 14 | ЗЗ ОРГАНИК АГРО ФАРМА | Прилеп |
| 15 | ЗЗ АГРО-КУКЛИШ | с. Куклиш, Струмица |
| 16 | ЗЗ ЕКО-ИЛИНДЕН | с. Мустафино, Свети Николе |
| 17 | ЗЗ ПРОБУДА 2015 | Крива Паланка |
| 18 | ЗЗ ОВЧЕ ПОЛЕ МИТ | Свети Николе |
| 19 | ЗЗ АГРО-БЕЛИ | с.Бели, Кочани |
| 20 | ЗЗ АГРО БОГДАНЦИ | Богданци |
| 21 | ЗЗ АГРО ЕКОНОМИЈА ТРЕЈД | с.Могила, Општина Могила |
| 22 | ЗЗ ОХРИДСКА ЧЕРЕШНА 2015 | с. Долно Лакочереј, Охрид |
| 23 | ЗЗ КРАНИ | с. Крани, Ресен |
| 24 | ЗЗ БОЈМИЈА – БАЛИНЦИ | с. Балинци, Валандово |
| 25 | ЗЗ ПЕТРУШКА РЕКА МИРАВЦИ | с.Миравци, Гевгелија |
| 26 | ЗЗ ЈУЖЕН БИСЕР ПЛУС | с. Стојаково, Богданци |
| 27 | ЗЗ МАКЕДОНСКИ ЕКО ПРОДУКТ | с.Кучково, Скопје |
| 28 | ЗЗ ЕКО МЕД ДЕБРЦА | с .Лешани, Дебрца |
| 29 | ЗЗ НПГ-НАПРЕДОК | с. Негорци, Гевгелија |
| 30 | ЗЗ НЕКТАР-БТ | Битола |
| 31 | ЗЗ АГРО ДЕЛТА | с. Долна Враштица, Конче |
| 32 | ЗЗ РЕКАНСКИ ФАРМЕРИ | с. Трница, Маврово- Ростуше |
| 33 | ЗЗ ШАФРАН ДОЛНЕНИ | с. Десово, Општина Долнени |

## Членки на ЗМАЗЗ јануари - декември 2020

| | НАЗИВ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА | СЕДИШТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА |
|---|---|---|
| 1 | ЗЗ АГРО ДОРФ | с. Дорфулија, Лозово |
| 2 | ЗЗ ДАБИЛЧАНКА | с. Дабиле, Струмица |
| 3 | ЗЗ ПРВА ОРГАНСКА ЗАДРУГА | Валандово |
| 4 | ЗЗ БЕСТ ОФ ПРЕСПА | с. Царев Двор, Ресен |
| 5 | ЗЗ АГРО ПУРА | с. Црешка, Штип |
| 6 | ЗЗ ЗЕМЈОДЕЛСКО МАШИНСКА КООПЕРАТИВА – УСЛУЖНА | Пробиштип |
| 7 | ЗЗ ПЧЕЛИН РАЈ | Струмица |
| 8 | ЗЗ ОРГАНСКИ ЗРАК | Струмица |
| 9 | ЗЗ ЕКО ОВЧЕПОЛКА | Скопје |
| 10 | ЗЗ ПРЕСПАНКА – ПРЕСПАНСКО ЈАБОЛЧЕ | Ресен |
| 11 | ЗЗ АГРИ ПЕМА | с. Дорфулија, Лозово |
| 12 | ЗЗ АГРО МЕДИТЕРАН | с. Арачиново, Скопје |
| 13 | ЗЗ ФАРМА ОРГАНИКА | Прилеп |
| 14 | ЗЗ ЗДРАВО И СВЕЖО | Ресен |
| 15 | ЗЗ ПРЕСПА АППЛЕ | с. Асамати, Ресен |

## Графикон - членство во ЗМАЗЗ 2012-2020




Македонската асоцијација на земјоделски задруги започнува иницијатива и во секој нареден електронски информатор ќе споделува информации за успешни примери на земјоделски задруги – членки на ЗМАЗЗ, се со цел промоција и презентација на задружниот модел на економско организирање на фармерите и бенефитите кои произлегуваат од истото.

## ПЗ Пчелин Рај, Струмица

...е земјоделска задруга чија основна дејност е примарна обработка на пчелни производи, прием, производство и складирање на природен мед, прополис, млеч, восок и други пчелни производи.

Првата причина за регистрација на задруга била затоа што во Ноември 2017 година Агенцијата за храна и ветеринарство –Сектор за ветеринарно јавно здравство објавила упатството за евидентирање и контрола на оператори со храна-примарни производители на мед. Ова упатство претставувало имплементација на законските и подзаконските акти со кои е пропишана постапката за евидентирање и контрола на оператори со храна – примарни производители на мед односно се барале одредени услови кои треба да се исполнат.

Втората причина била тоа што набавката на потребните репроматеријали е по повисоки цени заради малите количини кои ги набавувале и заради повисоките трошоци за дистрибуција на истите до нивнтепчеларници. Продажбата на пчелните производи била по пониски цени заради истата причина односно заради тоа што тие биле мали производители со нестандардизирани производи и заради тоа купувачите им нуделе пониски цени.

Третата причина била тоа што дел од пчеларите од 2018 година започнале со експериментално производство на пчелин отров кој е доста атрактивен на светскиот пазар и многу се бара. Неможноста еден пчелар да произведе поголема количина отров е проблем кој се јавува при пласманот бидејќи има трошоци при извозот кои не се мали. Тоа се шпедитерските трошоци, транспортни трошоци, анализа на квалитетот, сертификати и дозволи за извоз, што сето заедно е огромен издаток спрема количините кои ги нудиме како поединци и затоа не сме интересни за купувачите. Исто така голем проблем било и тоа што не се регистрирани како правни лица со овластување за извоз туку пчеларите биле регистрирани како носители на земјоделско стопанство запишани во Единствениот регистер на земјоделски стопанства.

Четвртата причина била тоа што поединечно повеќето од пчеларите се занимаваат со производство на млеч кој го смрзнуваат и го продаваат на крајните потрошувачи. Тие не биле способни да произведуваат многу поголеми количини млеч но бидејќи го смрзнувале и чувале на -20 степена неговата дистрибуција до крајните купувачи била доста отежната, а фармациите немале интерес да работат со голем број на добавувачи на млеч со нестандарден квалитет и со несигурни количини.

Петата причина е поврзана со брендирањето на медот и на останатите пчелни производи кои биле со одличен квалитет но не биле маркетиншки промовирани и немале заеднички бренд. Медовите и останатите пчелни производи кои ги произведувале на скоро сите меѓународни манифестации ги освојувале највисоките награди но секогаш се јавувал проблем што тоа се прави од мали излагачи со мали количини кои се спакувани во несоодветна амбалажа без бар код и без потребните сертификати.

Формирале земјоделска задруга бидејки спаѓаат во сектор земјоделие односно се занимаваат со производство и продажба на пчелни производи а најдобри услови за работа како задругари им се овозможува со Законот за земјоделство и рурален развој. Задругата е формирана во септември 2019 година што значи дека се многу млада задруга и 2020 година им е прва година на активно работење. Немаат многу искуство но бидејќи се 15 задругари од кои 7 со високо образование и 8 со средно образование. Образованието е голема предност за нив бидејќи секој во својата област дава максимален придонес кој го уживаат сите задругари.

Задругата главно се занимава со производство на природен мед и други пчелни производи, ги снабдува задругарите со репроматеријал со пповолни цени бидејќи набавките се на големо а исто така обезбедува и пласман на производите на задругарите кои заеднички настапуваат на пазарот со заеднички бренд. Моментално задругата е во фаза на градба на објект со површина од 305 м2 во кој по најсовремени европски стандарди ќе се процесира медот и другите пчелни производи. За имот на задругата се сметаат уделите на задругарите, здружените средства и опрема и тоа: 2 отклопувачи за отклопување на пчелните пити, 3 центрифуги за центрифугирање на медот, два декристарилатори, 1 дупликатор, 750 пчелни семејства.

Имале финансиска поддршка за основање на задругата преку проектот „Поддршка за развој на земјоделски задруги“ спроведуван од CARE Германија/Луксембург и Македонска развојна фондација за претпријатија, а финансиран од Европската Унија.

Дополнително, финансиска поддршка за функционирање на задругата имале и од Националната програма за рурален развој која се состои од кофинансирање на трошоците за бруто плата на управителот на задругата, закупнина за канцеларијата во висина до 6.000 ден. месечно и еднократно набавка на канцелариска опрема во висина до 180,000 ден.

Исто така добиле грант во висина од 53.159 Еур. за реелизирање на деловен план како дел од проект спроведуван од МРФП и CARE Германија/Луксембург, а финансиран од Европската Унија. Деловниот план опфаќа изградба на современ објект со површина од 305 м2 за производство, складирање и продажба на пчелни производи, набавка на 10 апарати за собирање на пчелин отров и маркетинг и промоција на задругата.

Предностите на задруга се повеќе а како најзначајните од задругарите од ПЗ Пчелин Рај, Струмица ги издвоија:

- Постигнување на стандардите на Европската Унија во производство и продажбата на пчелните производи
- Набавка на репроматеријали по пониски цени
- Заеднички настап на пазарот и постигнување на повисои цени
- Заеднички бренд
- Заедничка промоција и маркетинг

Проблемите со кои се соочуваат задругарите од ПЗ Пчелин Рај, Струмица:

- Планираат да воведат нов производ а тоа е пчелниот отров за кој немаме доволно искуство и знаење
- Изградба на објект со површина од 305 м2 кој одзема голема енергија, време и значителни финансиски средства а кој треба да се заврши во краток рок.
- Бавната администрација поврзано со добивањето на дозволата за градба








Природен пчелин
Планински
Мед
Природен пчелин
Ливадски
Мед
Bee Honey





# Назив на грант:
# **„Институционално јакнење на ЗМАЗЗ“**

Годишниот план за работа на ЗМАЗЗ е поддржан од
**Цивика мобилитас**

Времетраење на грант: **24 месеци**
1 година (Г1): **01.07.2020-30.06.2021**
2 година (Г2): **30.06.2021-30.06.2022**

Висина на грант
Г1: **1.746.500 МКД**
Г2: **1.700.000 МКД**

Целосен износ на грант: **3.446.500 МКД**

## Контакт


**ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ**
Мартин Мицевски – Генерален секретар
Тел: +389 70 290 841
Е- мејл: m.micevski@mazz.mk


## Извршна канцеларија


**Адреса: ул. "Јордан Мијалков" бр. 38/1**
**1000 Скопје,**
**Република Северна Македонија**

**Телефон: 02/3141-830**
**070/290 853**

**Е-мејл: mazz@mazz.mk**
**Веб сајт: www.mazz.mk**



**Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Македонската асоцијација на земјоделски задруги и наниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат**